Република Македонија

# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 3**

**13.02.2018**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на ОДЛУКА за определување на надоместок на трошоците на учесниците во изборната кампања за локални избори во 2017 година во општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за определување на надоместок на трошоците на учесниците во изборната кампања за локални избори во 2017 година во општина Демир Хисар донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 12.02.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-168/1 Општина Демир Хисар**
**13.02.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

92. Врз основа на член 86 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11,. 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16),член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), како и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), Советот на општина Демир Хисар донесе

**О Д Л У К А**
За определување на надоместок на трошоци на учесниците во изборната кампања за локални избори во 2017 година во општина Демир Хисар

**Член 1**
Со оваа Одлука се определува надомест на трошоците за избори на учесниците во изборната кампања од чии листи се избрани и од чии листи не се избрани кандидати за членови во Советот односно кандидат за Градоначалник на Општина Демир Хисар на локалните избори октомври 2017 година.

**Член 2**
Висината на надоместокот се определува во износ од 15 денари по освоен глас за учесниците во изборната кампања од чии листи се избрани кандидати за членови во Советот односно Градоначалник на Општина Демир Хисар, и тоа според освоените гласови за следните учесници:

| Ред. Бр. | Назив на учесник на локални избори 2017 година | Вкупно освоени гласови | Надомест по освоен | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Коалиција за локални избори 2017 предводена од СДСМ - Градоначалник | 3.185 | 15 | 47.775,оо |
| 2. | Коалиција за локални избори 2017 предводена од СДСМ – Совет на општина | 3.128 | 15 | 46.920,оо |
| 3. | Коалиција за локални избори 2017 предводена од ВМРО-ДПМНЕ - Градоначалник | 2.304 | 15 | 34.560,оо |
| 4. | Коалиција за локални избори 2017 предводена од ВМРО-ДПМНЕ – Совет на општина | 2.306 | 15 | 34.590,00 |
| Се вкупно: | | | | 163.845.оо |

**Член 3**
Финансиските средства од член 2 на оваа одлука се обезбедени во Буџет на општина Демир Хисар за 2018 година, потпрограма А10 – изборни активности и референдуми, потставка 463170 – Трансфери до политички партии и истите ќе им се исплатат на жиро-сметките на учесниците во изборната кампања.

**Член 4**
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-159/2 Совет на општина Демир Хисар
12.02.2018 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

--------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. **О Д Л У К А** за определување на надоместок на трошоци на учесниците во изборната кампања за локални избори во 2017 година во општина Демир Хисар--------------------------------------------------------1-2

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**